Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 93, 3 декември 2012 година

декември 2012 година
Штип

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за иизбор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област торакална хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научното подрачје гинекологија и акушерство на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 16

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област гинекологија и акушерство на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 27

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област анестезиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 29

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 34

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 37

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област оториноларингологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 65

**РЕФЕРАТ** за иизбор на помлад асистент/асистент (специјалист) за наставно-научната област трауматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 68

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област физика и геофизика на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 73

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 79

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 85

**РЕФЕРАТ** за избор на виш лектор од научна област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 88

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за наставно-научната област романистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 97

**РЕФЕРАТ** за избор на лектор од научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 100

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звање доцент за наставно-научната област полимерно инженерство и анализа и синтеза на процеси на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 104

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање вонреден професор за наставно-научната област полимерни материјали и композитни материјали на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 109

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област педагогија на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 115

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област финансии и банкарство на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 120

**РЕФЕРАТ** за избор на доцент за научната област сликање и сликарски техники на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 125

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (помлад асистент) за наставно-научната област казнено право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 135

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област информациони системи и мрежи и процесирање на податоци на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 142

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област микробиологија на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 144

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Практикум по сензорна и аналитичка евалуација на вино“ од авторот доц. д-р Виолета Иванова-Петропулос, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 146

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Практикум по сензорна и аналитичка евалуација на вино“ од авторот доц. д-р Виолета Иванова-Петропулос, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 149

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот на скриптата „Заштита при работа“ од доц. д-р Дејан Мираковски и асс. м-р Марија Хаџи-Николова, Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 152

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот на скриптата „Техничка заштита во рударството“ од доц. д-р Дејан Мираковски и асс. м-р Марија Хаџи-Николова, вработени на Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 155

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Стоматолошки материјали и технологија” од доц. д-р Ивона Ковачевска, Факултет за медицински науки, општа стоматологија и стручни студии за забен техничар протетичар, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 158

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 162

**ОДЛУКИ** за избор на визитинг професори ........ 163

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПЕДАГОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип на својата седница одржана на 28.9.2012 година донесе Одлука (бр.2102/385/3) за распишување на Конкурс за избор на ***еден помлад асистент*** за научната област ***педагогија*** на Факултетот за образовни науки. Конкурсот беше објавен на 5.10.2012 година во дневниот весник „Дневник”.

Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, по предлог на деканот, донесе Одлука бр.2102-420/12 од 26.10.2012 година со која за членови на Рецензентската комисија ги избра:

– доц. д-р Кирил Барбареев, наставно-научно подрачје образование од Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, претседател,
– проф. д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева, наставно-научна област педагогија од Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, член,
– проф. д-р Соња Петровска, наставно-научна област педагогија од Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, член.

На Конкурсот се пријавиле седум (7) кандидати: Марија Коцева, Катерина Митевска-Петрушева, Сања Јованова, Катерина Алексовска, Јадранка Бочварова, Ирена Манева, Милена Авукатова.

Врз основа на пријавата и доставенета документација, како и по нивното разгледување, Рецензентската комисија го доставува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

1. Кандидатката **м-р Милена Марјан Авукатова** е родена е на 7 јули 1980 година во Штип (државјанин на Р. Македонија). Кандидатката дипломира во 2002 год. на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ во Штип, на групата Одделенска настава со просечна оценка 9,09. Во 2012 година завршува постдипломски магистерски студии на Институтот за социјална работа и социјална политика „Мајка Тереза“ на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со средна оценка 9,5, и се здобива со научен степен магистер (м-р) по социјална политика.

Во текот на студирањето работи во компанија за производство на прозорци и врати од дрво „Мебел инженеринг“ во Штип. Краток временски период работи и во „Младинска книга“ како надворешен продавач.

Кандидатката има познавање од основните компјутерски програми и има завршено курс по англиски јазик.

2. Кандидатката **м-р Сања Ацо Јованова** е родена на 28 јануари 1988 година во Штип (државјанин на Р. Македонија). Во 2010 година дипломира на Педагошкиот факултет во Штип на студиската програма за Одделенска настава, со просечен успех 9,65. Своето образование го продолжува на втор циклус магистерски студии на Педагошкиот факултет на студиската програма Социјална педагогија. На 30 август 2012 година успешно ги завршува магистерските студии и се стекнува со научен назив магистер по образование од подрачјето социјална педагогија. Студиите ги завршува со просечна оценка 9,66.

Кандидатката м-р Сања Јованова во периодот од 2010 до 2012 година работи како волонтер во наставно-образовниот дел на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, го води курсот за странски студенти по предметот Македонски јазик за странци. Исто така, има водено курс по англиски јазик организиран од Локалната самоуправа на Општина Штип. Кандидатот има познавање од англиски јазик и компјутери.

Сања Јованова има учествувано на семинари, симпозиуми и конференции:

– Учество на семинар на тема "Contacts For The Common Future" Thessaloniki, Greece 2011;
– Учество на "International Youth Conference 2011/2012", Крушево;
– Учество на Обука за бизнис план;
– Учество на семинар за „Прекугранично бизнис вмрежување за одржлив раст" помеѓу Република Бугарија и Република Македонија 2007-2013 г.

***Кандидатката има два оригинални научни труда:***

1. „Семејството како клучен фактор во работата на современото училиште", Годишен зборник на Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.
2. „Меѓукултурните аспекти на литературниот македонски јазик во Хрватска", Treci Simpozij Hrvatsko-Makedonske knjizevne, jezicne I kulturne veze.

3. Кандидатката **м-р Ирена Кирчо Манева** е родена на 6 ноември 1984 година во Штип (државјанин на Р. Македонија). М-р Ирена Манева во 2007 година дипломира на Педагошкиот факултет во Штип на Студиската програма за предучилишно воспитување. Во 2009 година се запишува на постдипломски студии на Педагошкиот факултет во Штип при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип на студиската програма по Училишна педагогија и се стекнува со научниот степен магистер по образование – училишна педагогија. Студиите ги завршува со просечен успех 7,66.

Во 2010 година ја издава книгата „Радиото – моќен медиум за масовна комуникација". Во книгата акцентот е ставен на воспитната улога на радиото во образованието. Исто така, ја нагласува и потребата од комуникација на наставниците, учениците и родителите во наставата, при што дава прилози што ги реализира во истражувањето на споменатата тема.

М-р Ирена Манева има познавање на англискиот јазик и технички вештини за работа на компјутер.

**4.** Кандидатката **Катерина Стеван Алексовска** е родена на 30 април 1981 година во Скопје (државјанин на Р. Македонија). Во 2007 година дипломира на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје. Своите дипломски студии ги завршува со просечен успех 8,26 и се стекнува со стручен назив дипломиран професор по одделенска настава. Се запишува на магистерски студии во 2009 година на Филозофскиот факултет во Скопје на Институтот за педагогија. Во 2011 година ги завршува магистерските студии со просечна оценка 8,3 и се стекнува со научен степен магистер по педагошки науки.

Од биографијата на Катерина Алексовска може да се заклучи дека има одлично познавање на англискиот јазик во областа на комуникациите, пишувањето и читањето (VIII степен upper intermediate) и основно ниво на познавање на германскиот јазик, како и вештини за работа на компјутер.

***Кандидатот има објавено три научни труда и тоа:***

1. **Алексовска, К** (2010): *Хуманото образование, можност за вистинско хумано живеење*, Петти научен собир „Образование за хумано општество", Охрид, Зборник на апстракти, 2010, 83-84 стр.
2. **Aleksovska, K** (2011): *Through contemporary educational tehnology means and means and methods to person to fit in the modern society*, Sixth Balkan education and science congress "The modern society and education", Ohrid, Pedagogical Faculty – St.Kliment Ohridski", University "St.Cyril and Methodius", Skopje, Macedonia, book od proceedings 2011:1139-1145 page.
3. **Алексовска, К** (2012):*Системот за рана интервенција – една од главните алки за квалитетно инклузивно образование*, Меѓународен научно-стручен собир „Инклузивно образование – состојби и предизвици", Струмица, Сојуз на дефектолози на РМ, Министерство за образование и наука, Филозофски факултет – Институт за дефектологија, Бомат графикс, 17-19 мај 2012, Зборник на трудови, 562-572 стр.

Во пријавата на кандидатот беа приложени и две препораки од: (1) проф. д-р Владо Тимовски, декан на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, и (2) проф. д-р Снежана Адамчевска од Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје.

5. Кандидатката **м-р Катерина Орце Митевска-Петрушева** е родена на 13 декември 1984 година во Скопје (државјанин на Р. Македонија). Во 2003 година се запишува на Филозофскиот факултет во Скопје – Институт за педагогија. Студиите ги завршува во 2007 година со среден успех 9,15. Своето образование го продолжува на постдипломските студии на Филозофскиот факултет во Скопје – Институт за педагогија, насока Теорија на воспитание. Истовремено додека е студент на овие студии таа е ангажирана како демонстратор по предметите Увод во педагогија, Општа педагогија и Педагошко водење. Магистерските студии ги завршува во 2010 година со просечен успех 9,87 и се стекнува со научниот степен магистер на педагошки науки. Во 2012 година ги започнува докторските студии на Филозофскиот факултет во Скопје – Институт за педагогија.

М-р Катерина Митевска-Петрушева досега има работено и како волонтер во библиотеката на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје, во Еуролинк осигурување АД Скопје и на Универзитетот за туризам и менаџмент – Скопје.

Од нејзината биографија е евидентно дека има познавање на англискиот јазик (конверзација, читање, пишување), основно познавање на италијански јазик и познавање на компјутер.

Кандидатот е продуктивен во нејзината научна и стручна област и од приложената биографија и доставените материјали таа има учествувано на домашни и меѓународни научни конференции и досега има објавено 14 научни и стручни трудови во кои се јавува како прв, втор и трет автор:

1. Митевска-Попеска, Б., **Митевска, К**. (2007) Методски аспекти на реализација на игрите во воспитно-образовната работа. *Федерација на училишен спорт*, *Зборник на трудови*, 120-122.
2. **Митевска, К**., Попеска, Б. (2008) Современи модели на дисциплина, *Меѓународна научно-практична конференција, Основното и предучилишното образование и воспитание – предизвик на 21 век*. (презентиран труд во печат).
3. Popeska, B., **Mitevska, K.** (2009). Methodic aspects of realization of physical education teaching process according to development characteristics at 6 and 7 years old children. XV *Научна конференция, катедра Психология, педагогика и социология, НСА „Васил Левски“, Личност. Мотивация. Спорт.* Том 15, НСА ПРЕС, С.331-340
4. **Mitevska, K.,** Popeska, B., Todorovski, D. (2010). The importance of teaching ethics in building human values, *V international Scientific Conference "Education for a human society", 28-29 May, Ohrid* (презентиран труд, во печат).
5. Todorovski, D., Popeska, B., **Mitevska, K.** (2010). The human aspects of the physical education versus the civilizational gains – the economical profit and the computerization, V international Scientific Conference“ Educational for a human society”, 28-29 May, Ohrid (презентиран труд, во печат).
6. Popeska, B., Georgiev, G., **Mitevska, K.** (2009). Sugestions for educational content for education at physical and health education (PE) for children at 7 years age, according to figured structure for motor space. XV *Научна конференция, катедра Психология, педагогика и социология, НСА „Васил Левски“, Личност. Мотивация. Спорт.* Том 15, НСА ПРЕС, С.341-350
7. **Mitevska Petrusheva, K.,** Popeska, B (2010) How much pupils that don't study ethics as a school subject know moral characteristics, *Международна научна конференция, „Актуелни проблеми на физическата култура*“, *НСА „Васил Левски“* (презентиран труд, во печат).
8. Popeska, B., Stojanova, B., **Mitevska Petrusheva, K.** (2011). Мненията на студентите в Университета „Гоце Делчев“ за обучението по предмета спорт за всички, *Международна научна конференция, „Актуелни проблеми на физическата култура*“, *НСА „Васил Левски“* (презентиран труд, во печат).

9. Popeska, B., Stojanova, B., **Mitevska Petrusheva, K.** (2011). Opinions for teaching subject Sport and recreation determined among students from seven different faculties at University "Goce Delcev" in Stip, *The VI International Balkan Congress for Educational and Science: "The modern society and education"*, 29.9 -1.10.2011, Ohrid, pg.1449-1455.
10. Stojanova, B., Popeska, B., **Mitevska Petrusheva, K.** (2011). Differences between male and female students at the University "Goce Delcev" in Stip, about their opinions for teaching subject Sport and recreation, The VI International Balkan Congress *for Educational and Science: "The modern society and education"*, 29.9 -1.10.2011, Ohrid, pg.1441-1447.
11. Barakoska, A., **Mitevska Petrusheva, K.** (2011). Evaluation of moral characteristics of students in secondary school in Republic of Macedonia, 14th International conference "Evaluation in education in the Balkan countries", 16-18 June 2011, Belgrade. Pg.94-98.
12. **Mitevska Petrusheva, K.** (2011). Teacher's attitudes about the placement of moral education in the secondary education, International Scientific Symposium: Education between tradition and modernity, 22-24 September 2011, Ohrid (презентиран труд, во печат).
13. Митевски, О., Попеска, Б., **Петрушева, М.К.** (2011). Местото и улогата на моралното воспитување во воспитно-образовниот процес во спортот и физичкото образование, *Федерација на училишен спорт*, Зборник на трудови, 148-150.
14. Попеска, Б., **Митевска, К.,** Митевски, О. (2011). Општествено-етичките особини на спортистите, Просветно дело, бр 1, 2011, Скопје.

6. Кандидатката **м-р Марија Николче Коцева** е родена на 17 јануари 1987 година во Штип (државјанин на Р. Македонија). Своите дипломски студии ги завршува на Педагошкиот факултет во Штип, во 2009 година, на Студиската програма по одделенска настава, со просечен успех 9,35. Своето образование го продолжува на магистерски студии на истиот факултет и во 2011 година се стекнува со научниот степен магистер по образование од подрачјето дидактика. Студиите на втор циклус ги завршува со просечен успех 8,83.

М-р Марија Коцева има посетувано курсеви по информатика и англиски јазик, и од приложените материјали се констатира дека има одлично познавање на англискиот јазик и основно познавање на германски јазик.

Во периодот од 2009 до 2011 година таа е ангажирана како волонтер на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип во наставно-образовната работа на Педагошкиот факултет и во Универзитетската библиотека.

Кандидатката м-р Марија Коцева има посетувано работилници, курсеви, обуки и има учествувано во научно-стручни собири и симпозиуми. Од нејзината биографија се гледа дека таа има учествувано на меѓународни научно-стручни собири и има четири научни трудови објавени во зборници и списанија:

1. Zoran Pavlov, **Marija Koceva** "Cooperation between family and school – a necessity in the educational process", стр. 563. Зборник на трудови на VI Меѓународен конгрес за образование и наука „Современото општество и образованието" (Охрид, 29.IX-1.X.2011) Volume 1
2. Петрова Ѓорѓева, Е., **Коцева, М.:** „Примената на моделот на позитивна дисциплина – Фридрих Џонс во современото училиште". Воспитание – списание за образовна теорија и практика, Факултет за образовни науки, Штип, 2010/2011, стр.7.
3. **Коцева, М** „Образованието за учители по Втората светска војна", Годишен зборник, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Институт за историја и археологија.
4. Павлов, З., **Коцева, М** „Квалитетни воннаставни активности во основното образование", Зборник на трудови, Трет научно-стручен собир со меѓународно учество - Битола, 2011 „Образованието во 21 век". **Коцева, М**., Бочварова, Ј. „Насилството во основното училиште" стр.237
5. **Koceva, M**., Bocvarova, J "Using the internet in teaching", IV Medzunarodni naucno-strucni skup, EDUKACIJA ZA BUDUCNOST, Zenica, 24-25.5.2012. Bosna i Hercegovina.

7. Кандидатката **м-р Јадранка Владимир Бочварова** е родена на 7 септември 1985 година во Штип (државјанин на Р. Македонија). Своите дипломски студии ги завршува

на Педагошкиот факултет во Штип, со просечен успех 9,51, на Студиската програма по одделенска настава. Магистерски студии запишува на Институтот за педагогија на Филозофскиот факултет во Скопје и во 2011 година се стекнува со научен степен магистер на педагошки науки. Студиите ги завршува со просечен успех 9,62. Во моментот е запишана на докторски студии на истата институција.

М-р Јадранка Бочварова во текот на своите магистерски студии волонтира на Педагошкиот факултет во Штип во наставно-образовната дејност.

Во текот на своето образование таа активно посетува работилници, курсеви, обуки, и од приложениот материјал се забележува дека таа активно говори англиски јазик и има познавања од работа со компјутери. Има признание за постигнати одлични резултати во студирањето од страна на асоцијацијата на учителите на РМ.

Она што особено е одразува нејзината посветеност во областа во која се развива се нејзините четири научни трудови:

1. Петровска, С., **Бочварова, Ј.** и Петровска, А. (2010/11). Некои карактеристики на развојот на образованието на наставниците во Р. Македонија (од Учителска школа – Штип до Педагошки факултет – Штип). *Воспитание – Списание за образовна теорија и практика,* 11, 111-124.
2. Коцева, М., **Бочварова, Ј**. (2011). Насилството во основното училиште. Образованието во 21 век – *Зборник на трудови од третиот научно-стручен собир со меѓународно учество*, 3.
3. Miovska-Spaseva, S., **Bocvarova, J.** (2011). ECTS and the conditions for its application in the faculties of education in the Republic of Macedonia. *VI International Balkan Congress for Education and Science*: *The modern society and education* (book of proceedings), 6, 11-19.
4. Миовска-Спасева, С., **Бочварова, Ј**. (2011). ЕКТС и организацијата на наставата во високото образование во Македонија – мислење на студентите. *Зборникот е во печат*.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на доставената документација, единствените критериуми и постапка за избор во наставно-научни, наставни, наставно-стручни и соработнички звања, објавените научни и стручни трудови, учеството на меѓународни и домашни конгреси и симпозиуми, како и врз основа на стручната и општествената ангажираност, Рецензентската комисија заклучи дека кандидатката **м-р Јадранка Владимир Бочварова** ги исполнува законските критериуми за избор на помлад асистент за научната област педагогија на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

Кандидатката е млад надежен кадар кој преку академската ангажираност може да даде значаен придонес во развојот на образовните науки и наставната практика.

Рецензентската комисија има задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, кандидатката **м-р Јадранка Владимир Бочварова да се избере во звање помлад асистент за научната област педагогија на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Кирил Барбареев, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева, член, с.р.**
**Проф. д-р Соња Петровска, член с.р.**